ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **06.07.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов**, Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

-Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се исконтактира со Светска Банка (МСИП) околу апликација за проект за регулација на речно корито

- Да се провери со МСИП за пратените предлог апликации за добивање на Грант средства за да се продолжи со започнатата постапка за обезбедување на документација.

- Работилницата за носење на Социјален план е закажана за петок.

- Работилницата за изработка на Стратегија за туризмот е закажана за среда.

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

- Од страна на Раководителот на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

- Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се обезбеди материјал за поставување на ивичњаци кај кошот во населба Белево.

-Да се достави спецификација за распишување јабна набавка за водоводи и хидротехнички објекти.

-Да се види дали има техничка документација за водовод во с.Варовиште.

- Да се нарача проект за изработка на патен правец во с.Бс.

-По склучување на нов договор за проектирање на хидротехнички објекти да се изработи проект за канализација за с.Конопница м.в Трнци.

-Да се даде налог за проектирање на дел од улица „Климент Охридски'' населба Скрљава покрај Скрљавски Дол.

-Кире Велевски да ги ажурира постоечките технички документации за добивање за одобрение за градба за сите проекти кои се како закочени во фаза на самата постапка, а напоредно да се работи за обезбедување на одобрение за градба за сите проекти кои се одобрени или во фаза на одобрување.

-Кире Велески да провери што треба да се дополни за да се обезбеди оддобрение за градба за гасификација, а во врска со реконструкцијата на Плоштадот да исконтактира со имателите на подземните инсталации и да направи преклоп на сите инсталации во најкраток можен рок.

-Фирмата Стојменов да го продолжи тротоарот кај ЈП Национални Шуми за да се оформи платото пред влезот на претпријатието.

-Антонио Давитковски да провери за уличното осветлување на обиколниот пат и на локација пешачка патека Стара Вада.

-По завршување на дадените обврски оваа недела фирмата Лабино Трејд да продолжи со поставување на еластична одбојна ограда во Калин Камен.

-Марјан Алексовски да ги координира сите активности во врска со реализација на проектот за Градски плоштад и Градски парк.

-Да се задолжи лице од општина кое со испратница ќе ги предава извадените материјали од градски парк и плоштад на Грозде во ЈП Комуналец и да се води строга евиденција за истото.

-Да се поднесе барање за отсранување на столб на Телеком на локација Кадиска Чешма за изградба на потпорна стена.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

-Стриктно да се почитува дадената писмена наредба за решавање на предмети за легализација на месечно ниво.
-Да се достави Извештај за завршени обуки од страна на вработените до одделение за човечки ресурси најдоцна до 08.07.2020 година.
- Извештај за спроведени јавни набавки од претходната година да се достави до Биљана до 08.07.2020 година.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

- Работилницата за носење на Социјален план е закажана за петок.

- Работилницата за изработка на Стратегија за туризмот е закажана за среда.

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

**Одделение за правни и општи работи**

Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет Биљана Тасевска, беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се подготви потребната спецификација и да се објават повиците за ЈПП Касарна-Пожарна и ЈПП Мост во тек на месецот.
-Да се повтори ЈН за заловување на бездомни животни.
-Да се спроведе постапка за експропријација за канализација Цонев Рид.
-Координација со кординаторите на советнички групи за закажување на седница на Совет во втора половина на месец Јули.

**Одделение за инспекциски надзор**

- Од страна на Раководителот за Одделение за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
-Да се преземе фарбата за фарбање на клупи и времено ангажираните лица да извршат фарбање на останатите 5 клупи покрај велосипедската патека.
-Да се ископаат дупки за поставување на елементи од детското игралиште во дворот на ООУ Јоаким Крчовски.
-Да се спроведе косење и отстранување на вегитацијата во Мињор Корито на Крива Река.
-Да се постави кошот во населба Баглак 3 и рабници во Населба Белево.
-Наталија Марковска да биде ослободена по 2 часа во текот на работното време во период од 12-14.00 часот за потребите на Општнската изборна комисија.
-Комуналните редари во склоп на секојдневните активности да направат достава на 240 решенија за фирмарина

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се организира и достави материјал за поставување на кошот во Баглак 3 (цимент, песок и камења)

-Да се префрли градежната група од улица „Момир Стојановски" во Црквена мала и на улица „Лисец" за шалување на потпорна стена.

-Да се подобри тековното собирање на смет посебно на отпадот покрај контејнерите.

- Да се разгледа можноста за поставување на соодветни канти за отпад на Плоштадот пред оштината и на Градскиот стадион.

-Да се види за помош за санација на водовод во с.Конопница.

-Да се зголеми обемот за косење на тревата на јавните површини.

**<u>Генерални заклучоци за сите одделенија</u>**

-Од страна на Раководителите на одделенијата да се достави Извештај за реализирани договори за Јавни набавки од претходната година до 08.07.2020 година (среда).

-Од страна на раководителите да се достави Извештај за реализирани обуки од страна на вработените до одделение за човечки ресурси со рок до 08.07.2020 година (среда).

-Председателот на комисија за отуѓување на градежно земјиште, да ги прибере сите потребни согласности и потребни документи за отуѓување на градежно земјиште за парцела на локација „Треска", предвидена со Програма за работа во областа на располагање на градежно земјиште, за да се финишира со постапката после завршување на изборниот циклус за предвремените Парламентарни избори 2020 година.

**06.07.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**